Fakulteti Filologjik - Republika e Maqedonisë së Veriut
Филолошки факултет - Република Северна Македонија
Nr.-Бр. 18-651/1
16.06 2021 viti/год.
Tetovë - Тетово



**До:**
**Наставно-научниот совет**
**на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово**

**Предмет:** Одговор од приговорот од страна на д-р. Мерита Бањица во врска со Извештајот за избор на наставник по предметите од областа на албанскиот јазик на Филолошкиот факултет, објавен во Билтенот на Универзитетот во Тетово, бр. 188 од 27.05.2021 година

Во врска со Приговорот на Извештајот на Рецензентската комисија, поднесен од страна на д-р. Мерита Бањица, Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и дава:

**ОДГОВОР**

Приговорот поднесен од страна на кандидатот д-р. Мерита Бањица е неоснован. Рецензентската комисија, почитувајќи ги законските одредби од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/18), Статутот на Универзитетот во Тетово и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно- научни, научни, наставно- стручни и соработнички звања на Универзитетот во Тетово го избра кандидатот д-р. Хана Дардишта.

При процесот на оценување, Рецензентската комисија се потпираше во Законот за високо образование. Поконкретно, тие го спроведоа членот 166, став 1, точка 1 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/18) во кој се нотира: „(1) Во наставно-научно звање доцент, може да биде избрано лице кое: 1. „Има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и бтор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус".

Во овој случај, д-р. Мерита Бањица, во првиот циклус има стекнато просечна оценка 7.30, додека на вториот циклус 7.73, а кандидатот д-р. Хана Дардишта на првиот циклус има стекнато просечна оценка 8.30, додека на вториот циклус 8.60.

Врз основа на членот 166 став 1 алинеја 1, утврдено е дека д-р. Мерита Бањица не ги исполнува основните услови од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/18), затоа Рецензентската комисија сметаше дека е разумно да не се пресметуваат бодовите на кандидатката во табеларна форма. Според член 207 став 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија, бр. 82/18): "Рецензентската комисија се казнува ако изврши избор на

наставници и соработници спротивно од одредбите на овој Закон (од членот 166 до членот 177)".

Во врска на Приговорот на кандидатот д-р. Мерита Бањица за неспроведување на членот 166, алинеја 5 во кој се вели: „На лицата кои имаат засниван работен однос како доцент, вонреден професор, асистент, асистент докторант или помлад асистент на некои од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на овој закон, нема да се применуваат одредбите од ставот (2) алинеја 1 и ставот (3) алинеја 1 „при нивниот избор во исто или повисоко наставно-научно звање без оглед на која високообразовна установа се врши новиот избор", проценуваме дека не стои, бидејќи кандидатот д-р. Мерита Бањица нема стекнато звање од ниту еден универзитет во Република Македонија.

**ЗАКЛУЧОК СО ПРЕДЛОГ**

Според горенаведеното, Рецензиската комисија смета дека Приговорот на др. Мерита Бањица, со бр. 03-2090 / 1 од 14.06.2021 година е неоснован, а во некои делови е дури и тенденциозен.

Комисијата во состав, проф. д-р Измит ДУРМИШИ (претседател), проф. д-р Зарије НУРЕДИНИ (член) и проф. д-р Бертон СУЛЕЈМАНИ (член) има посебна чест уште еднаш да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет кандидатот д-р. Хана Дардишта да биде избрана во наставно-научното звање доцент од областа на албански јазик, во студиската програма Албански јазик и литература на Филолошкиот факултет.

Тетово, 16.06.2021 година

Рецензентска комисија:

1. **проф. д-р Измит ДУРМИШИ** (претседател) – вонреден професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово

_______________________

2. **проф. д-р Зарије НУРЕДИНИ** (член) - вонреден професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово

_______________________

3. **проф. д-р Бертон СУЛЕЈМАНИ** (член) – вонреден професор на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово

_______________________